Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08 - 286/1
Датум: 01-03-2024

Постапувајќи по претставката бр. 08-341/1 од 17.06.2022 година, поднесена од [redacted] против [redacted] за сторено вознемирување врз основа на пол, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, личен и општествен статус, сексуална ориентација и родов идентитет во областа на јавно информирање и медиуми врз припадниците на ЛГБТИ+ заедницата, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 21, став 1 точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 01.03.2024 година, го донесе следното

## М И С Л Е Њ Е

**СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** врз основа сексуална ориентација и родов идентитет на маргинализирана група сторено од [redacted] врз ЛГБТИ+ лицата во областа на медиумите и јавното информирање.

## О б р а з л о ж е н и е

На 16.06.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од страна на [redacted] за сторено вознемирување врз основа на пол, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, личен и општествен статус, сексуална ориентација и родов идентитет во областа на јавно информирање и медиуми врз припадниците на ЛГБТИ+ заедницата.

Во поднесената претставка се наведува дека на ден 11.06.2022 година преку објава на социјалната мрежа Фејсбук, [redacted] упатила вознемирувачки коментир на објава на Радио Слободна Европа на Македонски, со содржина: "Se nenormalno 🤮 bidete sto sakate 🤮 pravete sto sakate 🤮 no sto ne zasegaat vasite paradiranja i cirkusi niz Skopjevo 🤮 mozete i bez spektakli da go prodolzite vasiot izopacen pogled na zivotot 🤮"

Во претставката е се наведува дека ваквиот коментар бил предмет на подкоментари меѓу учесници на социјалната мрежа Фејсбук, со што се поттикнувала омраза кон ЛГБТИ+ заедницата.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 05.07.2022 година

испрати Известување бр. 08-342/2 за произнесување по наводите од претставката до [redacted]

На ден 07.07.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна поднесок за произнесување по наводите од претставката од [redacted]. Во одговорот на претставката, [redacted] наведува дека длабоко се извинува за напишаниот коментар и дека немала никаква намера никого да повреди или омаловажи. Во рамките на поднесокот таа известува дека извинувањето е испратено и до подносителот на претставката, а воедно [redacted] објавила извинување и на нејзиниот профил на социјалната мрежа Фејсбук

Согласно утврдената фактичка состојба, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на ова мислење, констатирајќи дека во спорниот коменар е исполнета законската дефиниција за вознемирување од член 10, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:

*„Вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика.“*

Дополнително, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација при одлучувањето во конкретниот предмет и давањето на препораката го ценеше извинувањето на [redacted] и доставувањето на истото до подносителот, со што е отстранета повредата на правото на еднаквост.

Согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

**ПРЕПОРАКА**

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** лицето [redacted] во иднина да се воздржи од објавување вознемирувачки содржини на социјалните мрежи врз основа на сексуална ориентација, родов идентитет или било која заштитна карактеристика.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Скопје
01.03.2024

Претседател
Игор Јадровски

Доставено до:

[redacted]